СКОПЈЕ

# Александар веќе бил на плоштадот



Уредувањето на плоштадот Македонија, поточно најавеното поставување споменици на историски личности, остава впечаток дека дури сега некој се одважил да влезе во овој значаен зафат. Но, тоа не е точно. Речиси секој градоначалник на Скопје прво што правел објавувал конкурс за уредување на централното градско подрачје, поточно на плоштадот.

На таков конкурс во 2003 година, значи за време на вториот мандат на Ристо Пенов, втора награда за избор на фонтана му е доделена на архитектот Кристијан Јорданов и на неговите соработници Ана Дамевска и Горана Митровиќ (прва награда, како по правило, не беше доделена ни на тој конкурс).

Јорданов, сега афирмиран и реномиран автор со многубројни вредни дела во архитектурата во и надвор од Македонија, освен решение за фонтана тогаш понуди и проект за коњаник, споменик на Александар Македонски. Но, јавноста, вклучувајќи ја и стручната, не беше подготвена на таков чекор и овој дел од проектот не беше сериозно анализиран.

Трудот „Барселона" на Јорданов, сопственик на архитектонското студио „Тетрактис", беше избран во конкуренција на 32 труда. Проектот бил и фаворит на тогашниот помошник-претседател во Градскиот комитет, Мичо Поповски, авторот е награден со 60.000 денари, но проектот „Барселона" остана нереализиран.

Плоштадот бил и ќе биде инспирација за архитектите. Но, секоја власт, по правило, се однесува како да почнува од нула, како никој никогаш пред неа да не размислувал на иста тема. Тоа оди на штета - се разбира, не се во прашање (само) парите - и на авторите и на граѓаните воопшто.

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого: